Република Северна Македонија
**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Република Северна Македонија
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
Republica e Maqedonisë së Veriut
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
Бр./Nr. 01-143/3
06. 04. 2022 20___ год./viti.
Скопје - Shkup

Врз основа на член 17, став 1 и член 23, став 1, точка 4 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.102/2019), член 75, став 4 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 24/2019), претседателот на Инспекциски совет донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ИЗМЕНА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Во Годишниот план за јавни набавки во Инспекцискиот совет за 2022 година, бр. 01-143/1 од 27.01.2022 година, се менува и истиот гласи:

| Бр. | Предмет на договор за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | | | |
| 1 | Набавка на гориво за моторни возила | 09000000-3 | Договор за јавна набавка на стоки | Набавка од мала вредност | 70.000,00 | Февруари | Средства предвидени со Програма 10, ставка 421, потставка 410 |
| 2 | Набавка на информатичка опрема | 30200000-1 | Договор за јавна набавка на стоки | Набавка од мала вредност | 500.000,00 | Април | Средства предвидени со Програма 10, ставка 480, потставка 140 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Набавка на печатари за системот Е-инспектор | 30000000-9 | Договор за јавна набавка на стоки | Поедноставена отворена постапка | 4.100.000, 00 | Јуни | Средства предвидени со Програма 10, ставка 480, потставка 140 |
| | **II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | | | |
| 4 | Услуги за хостирање на ЛМС - систем за управување со учењето и веб страна | 72410000-7 | Договор за јавна набавка на услуги | Набавка од мала вредност | 600.000,00 | Април | Средства предвидени со Програма 10, ставка 425, потставка 130 |
| 5 | Услуги за одржување ЛМС - систем за управување со учењето и веб страна | 72267000-4 | Договор за јавна набавка на услуги | Набавка од мала вредност | 300.000,00 | Април | Средства предвидени со Програма 10, ставка 424 потставка 420 |
| 6 | Изнајмување на облак (Cloud) платформа за хостирање на системот Е-инспектор | 72410000-7 | Договор за јавна набавка на услуги | Поедноставена отворена постапка | 1.900.000,00 | Мај | Средства предвидени со Програма 10, ставка 425, потставка 130 |
| 7 | Услуги за одржување на системот Е-инспектор | 72267000-4 | Договор за јавна набавка на услуги | Поедноставена отворена постапка | 1.000.000,00 | Мај | Средства предвидени со Програма 10, ставка 424 потставка 420 |
| 8 | Услуги за санација на кровна површина, стакла и алуминиумски рамки | 50800000-3 | Договор за јавна набавка на услуги | Набавка од мала вредност | 400.000,00 | Септември | Средства предвидени со Програма 10, ставка 424, потставка 210 |

Член 2

Овој Годишен план за измена на Годишниот план за јавни набавки во Инспекцискиот совет за 2022 година, влегува во сила со денот на донесување.

Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Образложение:

Стратешка определба на Инспекцискиот совет, но и на законската обврска вградена во Законот за инспекциски надзор е целосна дигитализација и автоматизација на инспекцискиот надзор и инспекциското работење, чиј резултат е проектот „Е-инспектор„. Според Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати, предвидено е предавање на управувањето со системот за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење „Е-инспектор" од страна на Министерството за информатичко општество и администрација на Инспекцискиот совет, за да понатаму Инспекцискиот совет го развива и одржува овој систем, во кој е предвидено во следните 24 месеци да се вклучат сите инспекциски служби во јурисдикција на Инспекцискиот совет. Со примопредавањето на управувањето со системот „Е-инспектор", кое очекуваме да се случи во најскоро време, се создава обврска кон Инспекцискиот совет, за обезбедување одржување и хостирање на електронскиот систем „Е-инспектор", за што ќе се спроведат постапки за јавни набавки во текот на тековната 2022 година. Со оглед на тоа што Инспекцискиот совет има обврска за хостирање и одржување на ЛМС системот за управување со учењето и веб страната на Советот, неопходно е спроведување на постапките за јавни набавки за истото, независно од хостирањето и одржувањето на системот „Е-инспектор".

Имајќи го предвид горенаведеното, се донесе горенаведената измена на Годишниот план за јавни набавки.

Претседател на Инспекциски совет

м-р Магдалена Филиповска Грашкоска